**СЛУЖБЕН ГЛАСНИК**
**НА ОПШТИНА ОХРИД**

| | |
|---|---|
| **СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА** | **О Х Р И Д**<br>**29.10.2026 год.**<br>**БРОЈ 11 ГОДИНА 60** |

**С О Д Р Ж И Н А**


| Реден број | Име на одлука | Страна |
|---|---|---|
| **1.** | Одлука за изменување и дополнување на одлуката за исплата на субвенции на Општински јавни претпријатија | **3** |
| **2.** | Одлука за давање согласност на одлуката за утврдување на тарифа за водната услуга снабдување со вода за пиење (водоснабдување) на ЈП „Водовод“ Охрид за регулаторен период 2027 - 2029 година. | **4** |
| **3.** | Одлука за давање согласност на одлуката за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈП „Нискоградба Охрид“ - Охрид за регулиран период 2027 - 2029 година. | **6** |
| **4.** | Одлука за разрешување членови во Управниот одбор на ЈОУДГ за деца „Јасна Ристеска“ - Охрид. | **9** |
| **5.** | Одлука за именување членови во Управниот одбор на ЈОУДГ за деца „Јасна Ристеска“ - Охрид. | **10** |
| **6.** | Одлука за разрешување членови во Надзорниот одбор на ЈОУДГ за деца „Јасна Ристеска“ - Охрид. | **11** |
| **7.** | Одлука за именување членови во Надзорниот одбор на ЈОУДГ за деца „Јасна Ристеска“ - Охрид. | **12** |
| **8.** | Одлука за разрешување член во Управниот одбор на ЈЗУ „Здравствен дом“ - Охрид. | **13** |
| **9.** | Одлука за именување член во Управниот одбор на ЈЗУ „Здравствен дом“ - Охрид. | **14** |
| **10.** | Одлука за долгорочно домашно задолжување во рамки на Проект за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП). | **15** |
| **11.** | Одлука за примање на трајно користење специјализирано возило (специјален камион-цистерна). | **16** |
| **12.** | Одлука за давање на трајно користење специјализирано возило-метларка за улица на ЈП „Охридски Комуналец“ - Охрид. | **18** |
| **13.** | Одлука за давање на трајно користење специјализирано возило-метларка за улица на ЈП„Градски гробишта“ - Охрид. | **19** |
| **14.** | Одлука за отстапување на користење недвижен имот-новоизградена училишна спортска сала во состав на ООУ „Ванчо Николески“ с.Лескоец - Охрид. | **20** |

| | | |
|---|---|---|
| **15.** | Одлука за давање на времено користење недвижен имот-дел од деловен простор, сопственост на општина Охрид на Биро за развој на образованието. | **22** |
| **16.** | Одлука за отстапување простор на времено користење на ФК „Св.Троица 2021“ Охрид. | **23** |
| **17.** | Одлука за проширување на средствата на буџетот на општина Охрид за 2026 година. | **25** |
| **18.** | Одлука за донесување на техничка исправка во текстуален дел-Глава 8.посебни услови за изградба, развој и користење на градежното земјиште и градбите за секоја поединечна урбанистичка единица за планирање за гп - градежна парцела: ГП 9.14, ГП 9.18, ГП 9.23, ГП 9.24, ГП 9.25, ГП 9.31, во детален урбанистички план за УЗ 2 УБ 2.4 - опфат 1, Општина Охрид. | **26** |
| **19.** | Одлука за донесување техничка исправка на техничка грешка за градежна парцела ГП 7.61 на КП 1426/1 во КО Велгошти од ДУП за дел од МЗ-15 ти Корпус-Охрид, блок 7, Општина Охрид. | **27** |
| **20.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр.136 КО Куратица, објект 4. | **29** |
| **21.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација со цел вклопување на бесправно изградените објекти на КП.бр.223 КО Охрид 4, објект 1, објект 2(помошен), објект 3(помошен) и објект 4(помошен). | **30** |
| **22.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр.476/4 КО Вапила, објект 1. | **31** |
| **23.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр.869/22 КО Охрид 4, објект 27. | **32** |
| **24.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр.951/19 КО Оровник, објект 1. | **33** |
| **25.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр.1271 КО Куратица, објект 1. | **34** |
| **26.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација со цел вклопување на бесправно изградените објекти на КП.бр.1862/1 КО Лескоец, објект 1, објект 2 и објект 3. | **35** |
| **27.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр.2226 КО Лескоец, објект 1. | **37** |
| **28.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр.2477 КО Коњско, објект 3. | **38** |
| **29.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр.2764/1 КО Охрид 4, објект 1. | **39** |
| **30.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр.2684/6 КО Долно Лакочерej, објект 3. | **40** |
| **31.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација со цел вклопување на бесправно изградените објекти на КП.бр.136 КО Куратица, објект 5, објект 6, објект 7, објект 8 и објект 9. | **41** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИСПЛАТА НА СУБВЕНЦИИ НА ОПШТИНСКИ ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за изменување и дополнување на одлуката за исплата на субвенции на општински јавни претпријатија, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.10.2026 година.

**Број 09-13787/34** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.10.2026 година** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ( Сл. Весникна РМ бр. 5/2002) и член 18 од Статутот на општина Охрид ( Сл. гласник на општина Охрид бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на Општина Охрид, на седницата одржана на ден 28.10.2026 година, ја донесе следната :

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИСПЛАТА НА СУБВЕНЦИИ НА ОПШТИНСКИ ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измени и дополнување на Одлуката за исплата на субвенции на општинските јавни претпријатија, со број 08 -5185/24 од 28.04.2026 година, донесена од страна на Советот на Општина Охрид.

**Член 2**

Се врши измена во износот во член 4, став 1 и истиот гласи:

| **Јавно Претпријатие** | **Износ ( денари)** | **Програма / намена** | **Клучни активности** |
|---|---|---|---|
| ЈП Охридски Комуналец | 9.500.000,оо | Комунална хигиена и јавни површини | Справување со состојбата со Буково Диви депонии. |

**Член 3**

Се врши измена и дополнување во член 4, став 5 и истиот гласи:

| **Јавно** | **Износ** | **Програма /** | **Клучни активности** |
|---|---|---|---|

| **Претпријатие** | **( денари)** | **намена** |
|---|---|---|
| ЈП Градски Пазар Охрид | 11.000.000,оо | Пазарна инфраструктура | Реконструкција и уредување на пазарниот простор, подобрување на санитарно-хигиенските услови, санација и реконструкција на пултови за продажба, поставување на нови тезги и урбана опрема, покривање на загуба од затворање паркинг и средства за обезбедување плати . |

**Член 4**

Во останатиот дел Одлуката за исплата на субвенции на општинските јавни претпријатија, со број 08 -5185/24 од 28.04.2026 година останува непроменета .

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-13787/3**
**28.10.2026 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ТАРИФА ЗА ВОДНАТА УСЛУГА СНАБДУВАЊЕ СО ВОДА ЗА ПИЕЊЕ (ВОДОСНАБДУВАЊЕ) НА ЈП „ВОДОВОД“ ОХРИД ЗА РЕГУЛАТОРЕН ПЕРИОД 2027 - 2029 ГОДИНА**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за давање согласност на одлуката за утврдување на тарифа за водната услуга снабдување со вода за пиење (водоснабдување) на ЈП „Водовод“ Охрид за регулаторен период 2027 - 2029 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.10.2026 година.

**Број 09-13787/35**
**28.10.2026 година**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96, 6/02 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/2014, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19, 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.10.2026 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ТАРИФА ЗА ВОДНАТА УСЛУГА СНАБДУВАЊЕ СО ВОДА ЗА ПИЕЊЕ (ВОДОСНАБДУВАЊЕ) НА ЈП „ВОДОВОД“ ОХРИД ЗА РЕГУЛАТОРЕН ПЕРИОД 2027 - 2029 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за утврдување на тарифа за водната услуга снабдување со вода за пиење (водоснабдување) на ЈП „Водовод“ Охрид за регулаторен период 2027 - 2029 година, донесена од Управниот одбор на ЈП „Водовод“ Охрид бр.02-2446/4 од 14.10.2026 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-13787/4**
**28.10.2026 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на чл.13 став 10 и 11 од Законот за утврдување на цени на водни услуги (Сл.весник на РСМ бр.7/16) и чл.20 од Статутот, Управниот одбор на ЈП Водовод Охрид, на седницата одржана на 14.10.2026 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за утврдување тарифа за водната услуга снабдување со вода за пиење (водоснабдување) на ЈП Водовод Охрид за регулаторен период 2027-2029 година**

**член 1**

СЕ ДОНЕСУВА одлука за утврдување тарифа за снабдување со вода за пиење (водоснабдување) на ЈП Водовод Охрид за регулаторен период 2027-2029 година.

**член 2**

Тарифата за снабдување со вода за пиење на ЈП Водовод Охрид се определува врз основа на и согласно Решението на Регулаторната Комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија со архивски бр.УП1 08-174/26 од 28.09.2026 година и наш архивски број 03-2400/1 од 05.10.2026 година и истата изнесува:
**за 2027 година:**
- за категорија физички лица во износ од 41.99 ден/m3
- за категорија правни лица во износ од 67.18 ден/m3

**за 2028 година:**

- за категорија физички лица во износ од 43.26 ден/m3
- за категорија правни лица во износ од 69.22 ден/m3

**за 2029 година:**

- за категорија физички лица во износ од 45.78 ден/m3
- за категорија правни лица во износ од 73.25 ден/m3

**член 3**

Се утврдува на име месечен фиксен надоместок по приклучок за водна услуга снабдување со вода за пиење во износ од:

- 170 денари за физички лица
- 200 денари за правни лица, за целото времетраење на регулираниот период 2027-2029 година.

**член 4**

Оваа одлука стапува на сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 01.01.2027 година.

**Управен одбор**
**Претседател**
**Славица Димоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ТАРИФА ЗА СОБИРАЊЕ И ОДВЕДУВАЊЕ НА УРБАНИ ОТПАДНИ ВОДИ НА ЈП „НИСКОГРАДБА ОХРИД“ - ОХРИД ЗА РЕГУЛИРАН ПЕРИОД 2027 - 2029 ГОДИНА**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за давање согласност на одлуката за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈП „Нискоградба Охрид“ - Охрид за регулиран период 2027 - 2029 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.10.2026 година.

**Број 09-13787/36** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.10.2026 година** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96, 6/02 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/2014, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19, 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.10.2026 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ТАРИФА ЗА СОБИРАЊЕ И ОДВЕДУВАЊЕ НА УРБАНИ ОТПАДНИ ВОДИ НА ЈП„НИСКОГРАДБА ОХРИД “-ОХРИД ЗА РЕГУЛИРАН ПЕРИОД 2027 – 2029 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈП „Нискоградба Охрид“ - Охрид за регулиран период 2027 - 2029 година, донесена од Управниот одбор на ЈП „Нискоградба Охрид“ - Охрид бр.02-1412/3 од 21.10.2026 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-13787/5**
**28.10.2026 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

**Дел.бр. 02-1412/3**
**21.10.2026 год.**

Врз основа на член 17 став 2 точка 9 од Статутот на ЈП НИСКОГРАДБА ОХРИД - Охрид, член 13 став 10 и став 11 од Законот за утврдување на цени за водните услуги и Решението за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈП НИСКОГРАДБА ОХРИД - Охрид за регулиран период 2027 - 2029 година, донесено од Регулаторната комисија за енергетика заведено под УП1 бр. 08-173/26 од 21.09.2026 година, Управниот одбор на седницата одржана на **21.10.2026** година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈП НИСКОГРАДБА ОХРИД - Охрид за регулиран период 2027 - 2029 година**

**Член 1**

ЈП НИСКОГРАДБА ОХРИД - Охрид во рамки на обавување на основните дејности врши изградба, реконструкција и одржување на атмосферскиот и канализационио систем за одведување на урбани отпадни води.

**Член 2**

Врз основ на Решението за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈП НИСКОГРАДБА ОХРИД - Охрид за регулиран период 2027 - 2029 година, на ЈП НИСКОГРАДБА ОХРИД – Охрид и се утврди тарифа во два дела за водната услуга собирање и одведување на урбани отпадни води.

**Член 3**

Висината на варијабилниот надоместок за собирање и одведување на урбани отпадни води за **2027 година** се утврдува:

- за Физички лица - домаќинства **15,81** ден/m3, зголемена за ДДВ;
- за Правни лица - останати **24,35** ден/$m^3$, зголемена за ДДВ.

Висината на фиксниот надоместок за собирање и одведување на урбани отпадни води за **2027 година** се утврдува:

- за Физички лица - домаќинства **80,08** денари по приклучок, зголемена за ДДВ;
- за Правни лица - останати **138,00** денари по приклучок, зголемена за ДДВ.

**Член 4**

Висината на варијабилниот надоместок за собирање и одведување на урбани отпадни води за **2028 година** се утврдува:

- за Физички лица - домаќинства **17,33** ден/$m^3$, зголемена за ДДВ;
- за Правни лица - останати **25,99** ден/$m^3$, зголемена за ДДВ.

Висината на фиксниот надоместок за собирање и одведување на урбани отпадни води за **2028 година** се утврдува:

- за Физички лица - домаќинства **81,28** денари по приклучок, зголемена за ДДВ;
- за Правни лица - останати **140,40** денари по приклучок, зголемена за ДДВ.

**Член 5**

Висината на варијабилниот надоместок за собирање и одведување на урбани отпадни води за **2029 година** се утврдува:

- за Физички лица - домаќинства **18,82** ден/$m^3$, зголемена за ДДВ;
- за Правни лица - останати **27,94** ден/$m^3$, зголемена за ДДВ.

Висината на фиксниот надоместок за собирање и одведување на урбани отпадни води за **2029 година** се утврдува:

- за Физички лица - домаќинства **82,24** денари по приклучок, зголемена за ДДВ;
- за Правни лица - останати **142,00** денари по приклучок, зголемена за ДДВ.

**Член 6**

Со определување на тарифите за собирање и одведување на урбани отпадни води согласно член 3, 4 и 5 од оваа Одлука, се очекува во наредниот период да се покријат оперативните трошоци, амортизацијата на сопствените основни средства и трошокот на долгорочниот долг.

**Член 7**

Решението за утврдување на регулаторна тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈП НИСКОГРАДБА ОХРИД - Охрид за регулиран период 2024 - 2026 година, заведено под бр. УП1 бр.08-291/23 од 14.09.2023 година, донесено од страна на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, со 31 Декември 2026 година се става вон сила.

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се применува по добиената согласност од Советот на општина Охрид, почнувајќи од 01 Јануари 2027 година.

**Д-но:**
- Архива
- Градоначалник на општина Охрид Кирил Пецаков
- Совет на општина Охрид
- Финансиско одделение и сметководство

**Управен одбор**

**Претседател**
**Горан Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈОУДГ ЗА ДЕЦА „JASNA РИСТЕСКА“ - ОХРИД**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за разрешување членови во Управниот одбор на ЈОУДГ за деца „Јасна Ристеска“ - Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.10.2026 година.

**Број 09-13787/37**
**28.10.2026 година**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 114 од Законот за заштита на децата („Сл.весник на РМ“ бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 146/19, 275/19 и 311/20), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.10.2026 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈОУДГ „JASNA РИСТЕСКА“ - ОХРИД**

**Член 1**

Се разрешуваат членовите во Управниот одбор на ЈОУДГ „Јасна Ристеска“ - Охрид, поради истек на мандатниот период за кој се именувани, и тоа:

- ВЕСНА ЈОВАНОСКА
- ВИКТОР САРАФИЛОСКИ
- ОРХАН ДЕМИРОСКИ
- ЗОРИЦА ШИКОСКА
- ТАЊА ЏУТЕСКА

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе биде објавена во „Службен гласник на општина Охрид “.

**Број 08-13787/6** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.10.2026 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈОУДГ ЗА ДЕЦА „ЈАСНА РИСТЕСКА“ - ОХРИД**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за именување членови во Управниот одбор на ЈОУДГ за деца „Јасна Ристеска“ - Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.10.2026 година.

**Број 09-13787/38** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.10.2026 година** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 114 од Законот за заштита на децата („Сл.весник на РМ“ бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 146/19, 275/19 и 311/20), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.10.2026 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈОУДГ „ЈАСНА РИСТЕСКА“ - ОХРИД**

**Член 1**

За членови во Управниот одбор на ЈОУДГ „Јасна Ристеска“ - Охрид се именуваат:

- ВЕСНА ЈОВАНОСКА
- ВИКТОР САРАФИЛОСКИ
- ОРХАН ДЕМИРОСКИ
- ЗОРИЦА ШИКОСКА
- ТЕОДОРА ИЛИЕСКА

**Член 2**

Мандатот на членовите во Управниот одбор трае 4 години.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид “.

**Број 08-13787/7**
**28.10.2026 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ ВО НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА ЈОУДГ ЗА ДЕЦА „ЈАСНА РИСТЕСКА“ - ОХРИД**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за разрешување членови во Надзорниот одбор на ЈОУДГ за деца „Јасна Ристеска“ - Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.10.2026 година.

**Број 09-13787/39**
**28.10.2026 година**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 131 став 8 од Законот за заштита на децата („Сл.весник на РМ“ бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 146/19, 275/19 и 311/20), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.10.2026 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ ВО НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА ЈОУДГ „ЈАСНА РИСТЕСКА“ - ОХРИД**

**Член 1**

Се разрешуваат членовите во Надзорниот одбор на ЈОУДГ „Јасна Ристеска“ - Охрид, поради истек на мандатниот период за кој се именувани, и тоа:

- ВЕСНА ТАНЕСКА
- ГОРАН СТЕФАНОВСКИ
- МАРЈАН ЈОВЧЕСКИ
- НАТАША ДИМОСКА ЃОРГИОСКА

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе биде објавена во „Службен гласник на општина Охрид.“

**Број 08-13787/8**
**28.10.2026 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ ВО НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА ЈОУДГ ЗА ДЕЦА „ЈАСНА РИСТЕСКА“ - ОХРИД**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за именување членови во Надзорниот одбор на ЈОУДГ за деца „Јасна Ристеска“ - Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.10.2026 година.

**Број 09-13787/40**
**28.10.2026 година**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 131 став 8 од Законот за заштита на децата („Сл.весник на РМ“ бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 146/19, 275/19 и 311/20), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.10.2026 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ ВО НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА ЈОУДГ „ЈАСНА РИСТЕСКА“ - ОХРИД**

**Член 1**

За членови во Надзорниот одбор на ЈОУДГ „Јасна Ристеска“ - Охрид се именуваат:

- ВЕСНА ТАНЕСКА
- ГОРАН СТЕФАНОВСКИ
- МАРЈАН ЈОВЧЕСКИ
- НАТАША ЃОРГИОСКА

**Член 2**

Мандатот на членовите во Надзорниот одбор трае 4 години.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид.“

**Број 08-13787/9**
**28.10.2026 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЧЛЕН ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈЗУ „ЗДРАВСТВЕН ДОМ“ - ОХРИД**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за разрешување член во Управниот одбор на ЈЗУ „Здравствен дом“ - Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.10.2026 година.

**Број 09-13787/41**
**28.10.2026 година**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 100 став 1, 3 и 7 и член 101 од Законот за здравствената заштита („Сл. весник на РМ“ бр.43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 20/19, 101/19, 153/19, 180/19, 253/19, 122/21, 150/22, 236/22, 199/23, 74/24, 170/24), член 36 од Законот за локалната самоуправа ( „Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.10.2026 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЧЛЕН ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈЗУ „ЗДРАВСТВЕН ДОМ“ - ОХРИД**

**Член 1**

Се разрешува членот во Управниот одбор на Јавната здравствена установа „Здравствен дом“ - Охрид, поради истек на мандатниот период за кој е именуван, и тоа:

- **ИВАН ГАВРИЛОСКИ**

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-13787/10** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.10.2026 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈЗУ „ЗДРАВСТВЕН ДОМ“ - ОХРИД**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за именување член во Управниот одбор на ЈЗУ „Здравствен дом“ - Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.10.2026 година.

**Број 09-13787/42** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.10.2026 година** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 100 став 1, 3 и 7 и член 101 од Законот за здравствената заштита („Сл. весник на РМ“ бр.43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 20/19, 101/19, 153/19, 180/19, 253/19, 122/21, 150/22, 236/22, 199/23, 74/24, 170/24), член 36 од Законот за локалната самоуправа ( „Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.10.2026 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈЗУ „ЗДРАВСТВЕН ДОМ“ - ОХРИД**

**Член 1**

За член во Управниот одбор на Јавната здравствена установа „Здравствен дом“ - Охрид се именува:

- **АЛЕКСАНДРА БЕЛЕВСКА**

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-13787/11**
**28.10.2026 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОЛГОРОЧНО ДОМАШНО ЗАДОЛЖУВАЊЕ ВО РАМКИ НА ПРОЕКТ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР (ПСЕЕП)**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за долгорочно домашно задолжување во рамки на Проект за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП), што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.10.2026 година.

**Број 09-13787/43**
**28.10.2026 година**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 20 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09 и 47/11), член 4 од Законот за јавен долг („Сл.весник на РМ“ бр.62/05, 88/08, 35/11 и 139/14 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19 и 151/21), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата оддржана на ден 28.10.2026 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за долгорочно домашно задолжување на Општина Охрид во рамки на Проект за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП)**

**Член 1**

Со оваа Одлука се уредува долгорочно домашно задолжување на Општина Охрид, кое ќе се оствари преку потпишување на Договор за под-заем и грант со Министерството за

финансии, во рамки на средствата обезбедени со Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка, во вкупна висина до **42.079.697,00 денари**, при што 33.663.758,00 денари се средства од под-заем (*во висина од 80% од вкупната инвестиција*), додека 8.415.939,00 денари се грант средства (*во висина од 20% од вкупната инвестиција*). Овие средства ќе се искористат за финансирање на капиталниот инвестиционен под-проект: **„Спроведување на мерки за енергетска ефикасност во 2 (два) објекти од јавниот сектор (основни училишта) од Општина Охрид“** за кој се изготвени следните основни проекти :

1. **Основен проект за реконструкција, спроведување на мерки за енергетска ефикасност, ООУ „Христо Узунов“, Охрид и**

2. **Основен проект за реконструкција, спроведување на мерки за енергетска ефикасност, ООУ „Братство Единство“ – Лескајца, Охрид.**

**Член 2**

Задолжувањето ќе се реализира по пат на домашно долгорочно препозајмување преку Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор, финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка, под следните услови:

- Каматна стапка: шест месечен EURIBOR со фиксен распон,
- Грејс период: максимум до 3 години
- Рок на отплата: максимум до 5 години
- Последниот датум на отплата на заемот нема да биде подоцна од 15.09.2031 година.

**Член 3**

Со влегување во сила на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката за долгорочно домашно задолжување на Општина Охрид, во рамки на Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП) број 08-797/15 од 30.01.2025 година.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-13787/12**
**28.10.2026 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРИМАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ СПЕЦИЈАЛИЗИРАНО ВОЗИЛО (СПЕЦИЈАЛЕН КАМИОН-ЦИСТЕРНА)**

*e-mail: sovet@ohrid.gov.mk*

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за примање на трајно користење специјализирано возило (специјален камион-цистерна), што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.10.2026 година.

**Број 09-13787/44** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.10.2026 година** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024), член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на општина Охрид бр. 57-7444/13 од 29.09.2026 донесена од страната на Владата на РСМ и објавена во „Службен Весник на РСМ“ бр.231/26 од 30.09.2026 година, Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.10.2026 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА ПРИМАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ СПЕЦИЈАЛИЗИРАНО ВОЗИЛО - (СПЕЦИЈАЛЕН КАМИОН - ЦИСТЕРНА)

**Член 1**

Се донесува Одлука за примање на трајно користење на специјализирано возило (специјален камион-цистерна од 10 m³) со следните технички карактеристики:

**1) Специјален камион - цистерна од 10 m³:**
- **Марка: Iveco**
- **Тип: ML180E32**
- Број на шасија : **ZCFAE1TN702775086**
- Број на мотор: **2333767**
- Година на производство:**2026 г**
- Работна зафатнина на моторот**:6728 cm³**
- Сила на моторот: **235 kW**
- Боја на каросерија: **Бела/Сина**

**Член 2**

Наведеното возило од член 1 на оваа Одлука е сопственост на Министерство за транспорт на РСМ и истото со Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на општина Охрид бр. 57-7444/13 од 29.09.2026 донесена од страната на Владата на РСМ, се дава на трајно користење на општина Охрид без надоместок.

**Член 3**

Се овластува Градоначалникот на Општина Охрид да склучи договор со Министерот за транспорт со кој се уредуваат правата и обврските за користење на движната ствар наведена во член 1 од оваа одлука.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во со денот на нејзиното донесување, а ќе биде објавена во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-13787/13** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.10.2026 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ СПЕЦИЈАЛИЗИРАНО ВОЗИЛО-МЕТЛАРКА ЗА УЛИЦА НА ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ - ОХРИД**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за давање на трајно користење специјализирано возило-метларка за улица на ЈП „Охридски Комуналец“ - Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.10.2026 година.

**Број 09-13787/45** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.10.2026 година** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02, „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024) и член 18 став 1 точка 10 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.10.2026 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ СПЕЦИЈАЛИЗИРАНО ВОЗИЛО -МЕТЛАРКА ЗА УЛИЦА НА ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ - ОХРИД**

**Член 1**

Се донесува Одлука за давање на трајно користење специјализирано возило - метларка за улица на ЈП „Охридски Комуналец“ - Охрид и тоа со следните технички карактеристики:

**Електрична мобилна машина за метење на улици:**

- **Марка: GREEN MACHINES**
- **Тип: 400 ZE RS**
- Број на шасија : **U19Y405M1TVGMV044**
- Број на мотор: **215062011**
- Година на производство:**2026 г**
- Работна зафатнина на моторот**:електричен погон на батерии**
- Сила на моторот: **8.9 W**

- Боја на каросерија: **Зелена**

**Член 2**

Наведената машина од член 1 на оваа Одлука се дава на трајно користење на ЈП „Охридски Комуналец“ - Охрид без надоместок.

**Член 3**

Се овластува Градоначалникот на Општина Охрид да склучи договор со Директорот на ЈП „Охридски Комуналец“ - Охрид, со кој се уредуваат правата и обврските за користење на движната ствар наведена во член 1 од оваа одлука.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид.

**Број 08-13787/14**
**28.10.2026 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ СПЕЦИЈАЛИЗИРАНО ВОЗИЛО-МЕТЛАРКА ЗА УЛИЦА НА ЈП„ГРАДСКИ ГРОБИШТА“ - ОХРИД**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за давање на трајно користење специјализирано возило-метларка за улица на ЈП„Градски гробишта“ - Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.10.2026 година.

**Број 09-13787/46**
**28.10.2026 година**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02, „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024) и член 18 став 1 точка 10 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.10.2026 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ СПЕЦИЈАЛИЗИРАНО ВОЗИЛО -МЕТЛАРКА ЗА УЛИЦА НА ЈП „ГРАДСКИ ГРОБИШТА“ – ОХРИД**

**Член 1**

Се донесува Одлука за давање на трајно користење специјализирано возило - метларка за улица на ЈП„Градски гробишта“ - Охрид и тоа со следните технички карактеристики:

**Мобилна машина за метење на улици:**

- **Марка: GREEN MACHINES**
- **Тип: 636 (GM636 STAGE V)**
- Број на шасија : **U19Y608H1TVGMV049**
- Број на мотор: **FPL0748**
- Година на производство:**2026 г**
- Работна зафатнина на моторот**:1498cm3**
- Сила на моторот: **32.5W**
- Боја на каросерија: **Зелена/Сива**

**Член 2**

Наведената машина од член 1 на оваа Одлука се дава на трајно користење на ЈП„Градски гробишта“ - Охрид без надоместок.

**Член 3**

Се овластува Градоначалникот на Општина Охрид да склучи договор со Директорот на ЈП„Градски гробишта“ - Охрид, со кој се уредуваат правата и обврските за користење на движната ствар наведена во член 1 од оваа одлука.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид.

**Број 08-13787/15**
**28.10.2026 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НЕДВИЖЕН ИМОТ-НОВОИЗГРАДЕНА УЧИЛИШНА СПОРТСКА САЛА ВО СОСТАВ НА ООУ „ВАНЧО НИКОЛЕСКИ“ С.ЛЕСКОЕЦ - ОХРИД**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за отстапување на користење недвижен имот-новоизградена училишна спортска сала во состав на ООУ „Ванчо Николески“ с.Лескоец - Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.10.2026 година.

**Број 09-13787/47** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.10.2026 година** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 10 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата оддржана на ден .10.2026 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НЕДВИЖЕН ИМОТ - НОВОИЗГРАДЕНА УЧИЛИШНА СПОРТСКА САЛА ВО СОСТАВ НА ООУ „ВАНЧО НИКОЛЕСКИ“ с.ЛЕСКОЕЦ - ОХРИД

**Член 1**

Со оваа Одлука општината Охрид во својство на основач, на ООУ „Ванчо Николески“ с.Лескоец - Охрид му отстапува на користење недвижен имот - новоизградена училишна спортска сала, на која општина Охрид има право на сопственост, лоцирана во с.Лескоец, запишана во ИЛ бр. 5301 КО Лескоец, на КП 2000/1.

Недвижниот имот се отстапува за потребите на ООУ „Ванчо Николески“ с.Лескоец - Охрид со следните простории:

- објект бр. 1, намена Д3-1, влез 1, кат ПР, намена на посебен дел на зграда ДПД, со површина од 486 м2;
- објект бр. 1, намена Д3-1, влез 1, кат ПР, намена на посебен дел на зграда Х, со површина од 7 м2;
- објект бр. 1, намена Д3-1, влез 1, кат ПР, намена на посебен дел на зграда ВВ, со површина од 9 м2;
- објект бр. 1, намена Д3-1, влез 1, кат ПР, намена на посебен дел на зграда П, со површина од 70 м2;

Вкупната површина која се отстапува е 572 м2.

**Член 2**

Објектот од член 1 на оваа Одлука се отстапува на користење на ООУ „Ванчо Николески“ с.Лескоец - Охрид со намена на зграда Д3-1, за остварување на дејноста – воспитно - образовен процес, што е од посебен јавен интерес.

Користењето на објектот од страна на корисникот ќе биде без надоместок.

**Член 3**

Сите тековни трошоци за користење и одржување на објектот ќе ги сноси ООУ „Ванчо Николески“ с.Лескоец - Охрид.

**Член 4**

Се задолжува Градоначалникот на општина Охрид да склучи договор со директорот на ООУ „Ванчо Николески“ с.Лескоец - Охрид, со кој ќе се уредат правата и обврските за користење на наведениот објект.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-13787/16** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**28.10.2026 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ НА ВРЕМЕНО КОРИСТЕЊЕ НЕДВИЖЕН ИМОТ-ДЕЛ ОД ДЕЛОВЕН ПРОСТОР, СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ОХРИД НА БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**СЕ ОБЈАВУВА** Одлуката за давање на времено користење недвижен имот-дел од деловен простор, сопственост на општина Охрид на Биро за развој на образованието, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.10.2026 година.

**Број 09-13787/48** **ОПШТИНА ОХРИД**
**28.10.2026 година** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 18 став 1 точка 10 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 0/19 и 15/20), а согласно член 21 став 1 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.10.2026 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ НА ВРЕМЕНО КОРИСТЕЊЕ НЕДВИЖЕН ИМОТ - ДЕЛ ОД ДЕЛОВЕН ПРОСТОР, СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ОХРИД НА БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**Член 1**

Со оваа одлука се дава на времено користење од Општина Охрид на Биро за развој на образованието, за потребите на подрачната единица во Охрид, дел од деловен простор со површина од 23 м2, во деловна зграда лоцирана на

ул.„Димитар Влахов“ зграда бр. 1 - Охрид, на КП бр.15556/2, запишан во имотен лист бр.90207 КО Охрид 3.

**Член 2**

Наведениот имот од член 1 на оваа одлука се дава на времено користење во времетраење од 3 (три) години на Биро за развој на образованието, за потребите на подрачната единица во Охрид, со можност истиот да биде прекинат доколку се јават дополнителни потреби за користење од страна на Општина Охрид. Користењето на имотот ќе биде со надомест за месечна закупнина во висина од 5.286,00 денари, утврдена со Извештај за извршена процена на пазарна вредност на недвижен имот бр.Н2471026 од 13.10.2026 година на овластен проценител Алимпие Велкоски.

**Член 3**

Сите трошоци за одржувањето и користењето на недвижниот имот - дел од деловен простор опишан во член 1, ќе ги сноси корисникот Биро за развој на образованието.

**Член 4**

